Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
СКОПЈЕ
Бр. 08-755/1
07.02.2018 год.
СКОПЈЕ

# АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ
## НАЦИОНАЛНА ГРУПАЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

ДО
СОНК
Брокер ВФП

Предмет: Понуда за осигурување од автомобилска одговорност на возилата,зелена карта, каско домаќинско и патничко осигурување на Членови на СОНК

Почитувани,

Националната групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје делува на македонскиот осигурителен пазар повеќе години. Во тој период постигнати се завидни резултати и компанијата се брои во редот на најуспешните осигурителни компании во државата. Во работата на компанијата се имплементирани сите класи на осигурување застапени на европскиот осигурителен пазар, а услугите во однос на склучувањето на осигурувањата и регулирањето на оштетните побарувања (извид, процена и ликвидација на штети) се на високо професионално ниво.

Индивидуалните осигурувања се широко застапени во портфелот на компанијата. АД Осигурителна полиса прави големи напори да ја олесни процедурата за склучување на осигурување на сите сопственици на моторни возила од автоодговорност, зелена карта и каско, како и домаќинско и патничко осигурување преку експозитурите и продажните канцеларии распространети ширум државата и посебно во градот Скопје. Еден од начините за олеснување на процедурата за осигурување е и организирање на склучувањето на осигурувањето и наплатата на премијата за осигурување преку задршка од платата без или со посредство на синдикатите во работните организации и јавните институции..

Со оглед на Вашата заинтересираност за склучување на осигурувањата и наплата на премијата за осигурување со посредство на задршка од плата, слободни сме да Ви понудиме соработка која би била регулирана со посебен Договор за деловна соработка по следните услови:

- за сите Ваши вработени и членовите на нивните семејства за кои сте Вие согласни да организирате наплата преку платниот список на вработените во Вашата установа, за осигурувањето од автоодговорност и зелена карта, Ви понудуваме плаќање на премијата за осигурување во еднакви износи на 12( дванаесет ) месеци .
- за каско осигурувањето на возилата, премијата би се плаќала на 12 (дванаесет ) месеци со задржување на платниот список.
- за домаќинското осигурување премијата би се плаќала во период од 12 ( дванаесет ) месеци со задржување на платниот список.
- премијата за патничко осигурување би се плаќала еднократно со задржување на платниот список.

Исто така во прилог Ви доставуваме понуди за осигурување по одделни класи на осигурување:

### 1. ОСИГУРУВАЊЕ НА АВТООДГОВОРНОСТ И ЗЕЛЕНА КАРТА НА ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА

| Сила на мотор КВ | | Годишна премија |
|---|---|---|
| до | 22 | 3.414,00 |
| од 22 | до 33 | 4.076,00 |
| од 55 | до 66 | 6.165,00 |
| од 66 | до 84 | 7.132,00 |
| од 84 | до 110 | 8.508,00 |
| над | 110 | 10.290,00 |

| Зелен картон | Годишна премија |
|---|---|
| За 12 месеци до 66КЊ | 3.690,00 |
| За 12 месеци над 66 КЊ | 5.536,00 |

АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ
Ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр.39 Скопје
Тел. ++389 2 3215 144, 2 3214 680
Факс: ++389 2 3215 143
e-mail: slagana.mladenovska@insurancepolicy.com.mk
www.insurancepolicy.com.mk

[1] 08-755/1 [2018]

- Предвидените доплатоци според возраста на сопственикот на возилото доплнително се пресметуваат.
- Бонус ( Попуст ):

Од 5%-50% Бонус годишно за немање штета по претходна

## 2. КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

| Вредност на возилото во ЕУР | ЗАДОЛЖИТЕЛНО УЧЕСТВО ВО СЕКОЈА ШТЕТА – ФРАНШИЗА ГОДИШНА ПРЕМИЈА ВО ЕУР | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Без франшиза | со 100 еур | со 200 еур | со 400 еур | со 500 еур |
| **7.000** | 305 | 263 | 179 | 147 | 116 |
| **10.000** | 435 | 375 | 255 | 210 | 165 |
| **12.000** | 522 | 450 | 306 | 252 | 198 |
| **15.000** | 653 | 563 | 383 | 315 | 248 |
| **20.000** | 870 | 750 | 510 | 420 | 330 |

- **Осигурени опасности ( ризици ):**

Сообраќајна незгода, паѓање на некој предмет или удар од некој предмет, пожар, удар од гром,. експлозија освен експлозија од нуклеарна енергија, луња, град, снежна лавина, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации, провална кражба и разбојништво.

- **Попусти:**
- 10% Попуст за полиса автоодговорност;
- 10-50% Бонус за немање штета по претходна полиса
- 5% Попуст за неносење но очила за вид ( физички лица )
- 5% или 10% за сопственици кои имаат едно дете или две и повеќе деца по 18 год. возраст;
- 10% Попуст за возила постари од 6 години;

**Забелешка:** Попустите не се вкалкулирани во погоре дадената пресметка за каско ( примерот за пресметка во табелата )

## 3. ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

| Површина во М2 | Градежен објект сума на осигурување во ден | ГОДИШНА ПРЕМИЈА во ден. |
|---|---|---|
| За градежен објект до 50м2 | | 600 |
| 60 | 1.476.000 | 665 |
| 65 | 1.599.000 | 720 |
| 70 | 1.722.000 | 775 |
| 75 | 1.845.000 | 830 |
| 80 | 1.968.000 | 885 |
| 85 | 2.091.000 | 940 |
| 90 | 2.214.000 | 995 |
| 95 | 2.337.000 | 1.050 |
| 100 | 2.460.000 | 1.107 |

- **Осигурени опасности ( ризици ):**

Пожар и удар од гром, експлозија освен експлозија од нуклеарна енергија, излевање на вода од водоводна и канализациона инсталација, луња, град, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации, удар со сопствено возило во осигурениот објект.

АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ
Ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр.39 Скопје
Тел. ++389 2 3215 144, 2 3214 680
Факс: ++389 2 3215 143
e-mail: slagana.mladenovska@insurancepolicy.com.mk
www.insurancepolicy.com.mk

**4 ДОМАЌИНСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВАШИОТ ДОМ**

| Површина во М2 | Градежен објект сума на осигурување | 30% ствари од пожар | Ствари од кражба до 5000 евра | 5% одговорност сума на осигурување | 3% т-ци за сместување сума на осигурување | ГОДИШНА ПРЕМИЈА во ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | 984.000 | 295.200 | 307.500 | 49.200 | 29.520 | 1.855 |
| 60 | 1.476.000 | 442.800 | 307.500 | 73.800 | 44.280 | 2.399 |
| 65 | 1.599.000 | 479.700 | 307.500 | 79.950 | 47.970 | 2.534 |
| 80 | 1.968.000 | 590.400 | 307.500 | 98.400 | 59.040 | 2.942 |
| 100 | 2.460.000 | 738.000 | 307.500 | 123.000 | 73.800 | 3.734 |
| 120 | 2.952.000 | 885.600 | 307.500 | 147.600 | 88.560 | 4.481 |

- **Осигурени опасности ( ризици ):**

Пожар и удар од гром, експлозија освен експлозија од нуклеарна енергија, излевање на вода од водоводна и канализациона инсталација и уреди и цевки за топловодна инсталација, луња, град, одговорност, паѓање на воздушни летала, манифестации и демонстрации, провална кражба и разбојништво.

Со осигурувањето, осигуран е градежниот објект, ствари во градежниот објект (покуќнина) до висина наведена во табелата, одговорност кон трети лица (штети настанати од осигурениот градежен објект кон друго лице) до висина наведена во табелата, трошоци за нужно сместување во случај на оштетување на градежниот објект до висина наведена во табелата.

- **Попусти:**

Дополнително се одобрува 5% попуст за немање на штети почнувајќи од втората година на осигурувањето.
Дополнително се одобрува 5% попуст за обновено осигурување почнувајќи од втората година на осигурувањето.
Доколку градежниот објект бил претходно осигуран, евентуално стекнатите попусти се преносливи.
Дополнително се одобрува 5% попуст за блендирана врата

За дополнителни информации за сите горенаведени продукти Ви стоиме на располагање.

Со почит,

АД Осигурителна полиса

Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА 1 СКОПЈЕ

АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ
Ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр.39 Скопје
Тел. ++389 2 3215 144, 2 3214 680
Факс: ++389 2 3215 143
e-mail: slagana.mladenovska@insurancepolicy.com.mk
www.insurancepolicy.com.mk